**20091372643**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 102 став 2 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07 и 103/08), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ И ПРОЦЕДУРАТА ЗА ВПИШУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПОЛИЦИСКИ ВОЗДУХОПЛОВИ, КАКО И УСЛОВИТЕ ЗА БРИШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПОЛИЦИСКИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите и процедурата за впишување на полициските воздухоплови, содржината и начинот на водење на Регистарот на полициски воздухоплови, како и условите за бришење на полициските воздухоплови во Регистарот на полициските воздухоплови.

### Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1. „Воздухоплов” е секоја направа што може да се одржува во атмосферата поради реакција на воздух, освен реакцијата на воздухот што се одбива од површината на земјата;
2. „Летачка служба во Министерството за внатрешни работи“ (во натамошниот текст: Министерството) е збир на работи и активности што се вршат како член на екипаж на воздухоплов впишан во Регистарот на полициските воздухоплови (во натамошниот текст: Регистарот), односно збир на работи и активности што се вршат како пилот на безпилотно летало и внатрешен пилот-оператор на беспилотно летало;
3. „Воздухопловно-техничка служба во Министерството“ е збир на работи и активности што се вршат како воздухопловно-технички персонал на полициските воздухоплови на работни задачи на техничко одржување и опслужување на полициските воздухоплови и пропратната опрема, како и водење и ажурирање на техничко-технолошката документација и изготвување на документација за одржување на полициските воздухоплови (систем и програми за техничко одржување);
4. „Дозвола за употреба на радиостаница (Aircraft Radio License)“ е исправа со која се одобрува користење на радиостаницата во воздухопловот;
5. „ИЦАО (International Civil Aviation Organization)” – Меѓународна организација за цивилно воздухопловство;
6. „Корисник на воздухоплов” е организациска единица на Министерството во која се извршува летачка и воздухопловно-техничка служба;
7. „Оцена за сообразност на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов - хомологација” е утврдување дали новиот тип на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов одговара на пропишаните технички услови за пловидбеност на воздухопловот, односно техничките услови за користење на воздухопловот;
8. „Пловидбенист на воздухоплов” е на пропишан начин утврдена способност на воздухопловот за безбеден воздушен сообраќај;

9. „Уверение за пловидбеност на воздухопловот (Airworthiness Certificate)" е исправа која ја издава надлежниот државен орган во кој е регистриран воздухопловот и

10. „Уверение за испишување на воздухопловот од странски регистар на воздухоплови (Export certificate)" е потврда дека воздухопловот е избришан од странскиот регистар на воздухолови.

## II. УСЛОВИ И ПРОЦЕДУРА ЗА ВПИШУВАЊЕ НА ПОЛИЦИСКИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ ВО РЕГИСТАРОТ НА ПОЛИЦИСКИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ

### Член 3

Воздухоплов може да се впише во Регистарот ако ги исполнува следните услови:

1. Оператор на воздухопловот да е Министерството;
2. Ако воздухопловот е веќе запишан во странски регистар на воздухоплови или во регистарот на воздухоплови што го води Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Македонија, да има документ дека е избришан од тој регистар за воздухоплови;
3. Да има уверение за пловидбеност на воздухопловот за извоз што го издал надлежниот орган на земјата во која е регистриран воздухопловот;
4. Да има дозвола за употреба на радиостаница издадена од надлежен државен орган;
5. Да има техничка документација и
6. Да има упатство за летање.

### Член 4

Воздухопловот се запишува во Регистарот врз основа на барање за упис на воздухоплов во Регистарот што го поднесува раководителот на организациската единица на Министерството во која се извршува летачка и воздухопловно-техничка служба.

Барањето за упис од ставот 1 на овој член се поднесува до организациската единица на Министерството надлежна за воздухопловен надзор и сертифицирање.

Кон барањето за упис од ставот 1 на овој член задолжително се поднесуваат докази за исполнетоста на условите од членот 3 од овој правилник.

### Член 5

Упис во Уписниот лист на Регистарот се врши врз основа на решение за упис донесено од министерот за внатрешни работи.

Упис во Сопственичкиот и Товарниот лист на Регистарот се врши врз основа на доказ за сопственост и/или залог.

### Член 6

Организациската единица на Министерството надлежна за воздухопловен надзор и сертифицирање во рок од 7 дена од денот на приемот на уредно поднесеното барање согласно член 4 од овој правилник, врши упис во Регистарот и на подносителот на барањето за упис му издава уверение за регистрација на воздухопловот.

### Член 7

Регистарот го води организациската единица на Министерството надлежна за воздухопловен надзор и сертифицирање.

### Член 8

Воздухопловот е регистриран во Министерството доколку е запишан во Регистарот.

Во Регистарот се впишуваат сите воздухоплови со екипаж или без екипаж кои се во согласност со ИЦАО стандардите за упис на воздухоплови во регистарот.

Организациската единица на Министерството надлежна за воздухопловен надзор и сертифицирање води посебен преглед за воздухопловите кои не се според ИЦАО стандарди (ултралесни летала, моторизирани крила и крила за слободно летање).

## III. СОДРЖИНА И НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ

### Член 9

Регистарот се состои од Главна книга со влошки и помошни именици.

Главната книга е со правоаголна форма во А4 формат, со корици од тврд картон во темно сина боја и влошки кои се составен дел на главната книга на Регистарот кои содржат листови со формат А4, и тоа: Лист А – Уписен лист, Лист В – Сопственички лист и Лист С - Товарен лист.

За секоја влошка од Главната книга се води посебна Збирка на исправи, во која се припојуваат исправите доставени од корисникот на воздухопловот, врз основа на кои се врши запишување на воздухопловот во Листот А, Листот В и Листот С.

Главната книга на Регистарот утврдена е на Прилогот бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

### Член 10

Главната книга на Регистарот е составена од:

1. Главна книга на чија корица е содржан натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ” под кои се наоѓа грбот на Република Македонија, а под грбот има натпис „РЕГИСТАР НА ПОЛИЦИСКИ ВОЗДУХОПЛОВИ – ГЛАВНА КНИГА –“;
2. Прва внатрешна страна која содржи натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ” под кои се наоѓа бројот на главната книга, а на средината на страната отпечатено е логото на Полицијата. Во долниот дел на страната има место за место и датум на водење на Главната книга, место за печат и место за потпис на овластено лице;
3. Втора внатрешна страна која има податоци за содржината на главната книга на Регистарот на полициските воздухоплови, и тоа: реден број на содржината, број на влошката, број на листови во влошката, типот и ознаката на воздухопловот. Секој воздухоплов се запишува во посебна влошка;
4. Насловна страна на влошката, која содржи натпис „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, „МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ” под кој е отпечатено логото на Полицијата. Под логото на Полицијата се наоѓа редниот број на влошката, типот и ознаката на воздухопловот. Влошката на главната книга се печати во 20 еднакви примероци, а се состои од Лист А – Уписен лист, Лист В – Сопственички лист и Лист С - Товарен лист;
5. Лист А – Уписен лист (Registration Page). Во горниот дел на Листот А – Уписен лист содржан е натписот „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, „Министерство за внатрешни работи”, „REPUBLIC OF MACEDONIA”, „Ministry of Internal affairs”, а меѓу нив е отпечатено логото на Полицијата. Листот А – Уписен лист содржи податоци за: број на досие (File No.), регистарска ознака (Registration Markings), производител и земја на производство (Aircraft Manufacturer), тип и модел на воздухопловот (Aircraft Type and Model), категорија на воздухопловот (Aircraft Category), намена на воздухопловот (Aircraft Purposes), година на производство (Date of Manufacturing of Aircraft), сериски број (Aircraft Serial Number), број на решението за хомологација од производителот (Type Certificate Number) или број на решението за хомологација од Република Македонија (Type Certificate Number of Republic of Macedonia), претходна регистарска ознака/држава (Aircraft

Previous Registration Mark and State), максимална тежина на празен воздухоплов (MEOW-Maximum of Empty Weight), максимална тежина на воздухоплов при полетување (MTOW-Maximum Take of Weight), ознака и сериски број на мотор(и) (Engine Model and Serial Number(s)), ознака и сериски број на елиса/лопатки (Propeller Model and Serial(s)) и опрема на воздухопловот (Aircraft Equipment);

6. Лист B – Сопственички лист (Ownership Page). Во горниот дел на Листот B – Сопственички лист содржан е натписот „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, „Министерство за внатрешни работи”, „REPUBLIC OF MACEDONIA”, „Ministry of Internal affairs”, а меѓу нив е отпечатено логото на Полицијата. Листот B – Сопственички лист содржи податоци за: број на досие (File No.), регистарска ознака (Registration Markings), реден број (No.), податоци за сопственикот – адреса (Owner-adress), податоци за корисникот – адреса (User-adress), податоци за начинот на стекнување на сопственоста, односно правото на располагање и користење на воздухопловот (Way of ownership), датумот на упис (Date of Registration) и датумот на испис на воздухопловот од Регистарот на полициски воздухоплови (Date of Deregistration);

7. Лист C – Товарен лист (Burden Page). Во горниот дел на Листот C – Товарен лист содржан е натписот „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, „Министерство за внатрешни работи”, „REPUBLIC OF MACEDONIA”, „Ministry of Internal affairs”, а меѓу нив е отпечатено логото на Полицијата. Листот C – Товарен лист содржи податоци за: број на досие (File No.), регистарска ознака (Registration Markings), име и презиме на заложникот, односно должникот (Name and Adress of Debtor), податоци за заложникот односно доверителот и број на договор за залог (Creditor, Adress and No of Pledge Agreement), износ на залогот (Debit Amount), датумот на упис на залогот (Date of Registrant. of Lien) и датумот на бришење на залогот (Date of Delete of Lien) и

8. Збирка на исправи. Во горниот дел на Збирката на исправи содржан е натписот „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, „Министерство за внатрешни работи”, „REPUBLIC OF MACEDONIA”, „Ministry of Internal affairs”, а меѓу нив е сместено логото на Полицијата. Збирката на исправи содржи податоци за: број на досие (File No.), регистарска ознака (Registration Markings), датум и број на заведување на исправата (Date and No), предмет - назив на исправата (Document), датум и број на донесување на исправата (Sender/date/No), податоците за лицето кое што ги внело податоците (Written by).

Член 11

Помошни именици од членот 9 став 1 од овој правилник се Именик на воздухоплови впишани во Регистарот и Именик на воздухоплови избришани од Регистарот.

Помошните именици се со правоаголна форма во А4 формат.

Содржината на Именикот на воздухоплови впишани во Регистарот и Именикот на воздухоплови избришани од Регистарот утврдена е на Прилогот бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 12

Раководителот на организациската единица на Министерството во која се извршува летачка и воздухопловно-техничка служба ја пријавува секоја промена на податоците внесени во Регистарот во рок од 15 дена од денот на настанатата промена и поднесува барање истата да се запише во Регистарот.

Покрај промените внесени во Регистарот, промените на полициските воздухоплови се внесуваат и во уверението за регистрација на воздухопловот.

## IV. УСЛОВИ ЗА БРИШЕЊЕ НА ПОЛИЦИСКИ ВОЗДУХОПЛОВ ОД РЕГИСТАРОТ

Член 13

Бришење на полициски воздухоплов од Регистарот се врши врз основа на барање на раководителот на организациската единица на Министерството во која се извршува летачка и воздухопловно-техничка служба, доколку:

1. Воздухопловот е уништен или станал трајно неупотреблив за воздушна пловидба или од други причини е повлечен од употреба;
2. Воздухопловот во последните три години нема важечко уверение за пловидбеност и
3. Воздухопловот се отуѓи, даде под закуп или даде на подарок.

Член 14

На предлог на организациската единица на Министерството надлежна за воздухопловен надзор и сертифицирање се врши бришење на воздухопловот од Регистарот врз основа на решение донесено од министерот за внатрешни работи.

Член 15

Организациската единица на Министерството надлежна за воздухопловен надзор и сертифицирање по донесувањето на решението од членот 14 од овој правилник, веднаш го повлекува издаденото уверение за регистрација на воздухопловот.

Организациската единица на Министерството надлежна за воздухопловен надзор и сертифицирање по извршеното бришење на воздухопловот од Регистарот, ги известува лицата чии права се запишани во Товарниот лист за извршеното бришење од Регистарот.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.141-73214/1
10 ноември 2009 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

**Прилог број 1**

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# Р Е Г И С Т А Р
# НА ПОЛИЦИСКИ ВОЗДУХОПЛОВИ

## - ГЛАВНА КНИГА –

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

**БРОЈ НА КНИГА: ___**

| | | |
|---|---|---|
| ________________________ | М.П. | ________________________ |
| Место и датум | | Потпис на овластено лице |

**Содржина на главната книга**

**на регистарот на полициски воздухоплови бр. __**

| Влошка | Број на листови | ТИП И ОЗНАКА НА ВОЗДУХОПЛОВОТ |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |
| 5. | | |
| 6. | | |
| 7. | | |
| 8. | | |
| 9. | | |
| 10. | | |
| 11. | | |
| 12. | | |
| 13. | | |
| 14. | | |
| 15. | | |
| 16. | | |
| 17. | | |
| 18. | | |
| 19. | | |
| 20. | | |
| 21. | | |
| 22. | | |
| 23. | | |
| 24. | | |
| 25. | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

# ВЛОШКА БРОЈ:____

## ТИП НА ВОЗДУХОПЛОВ:___________

## ОЗНАКА НА ВОЗДУХОПЛОВ:_______

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за внатрешни работи**

***REPUBLIC OF MACEDONIA***
***Ministry of Internal affairs***

Број на досие ________________
*File No.*

Регистарска ознака ______________
*Registration Markings*

# Л И С Т А - У П И С Е Н   Л И С Т
## *REGISTRATION PAGE*

| | |
|---|---|
| **Производител и земја на производство:**<br>*Aircraft Manufacturer:* | |
| **Тип и модел на воздухопловот:**<br>*Aircraft Type and Model:* | |
| **Категорија на воздухопловот:**<br>*Aircraft Category:* | |
| **Намена на воздухопловот:**<br>*Aircraft Purposes :* | |
| **Година на производство:**<br>*Date of Manufacturing of Aircraft* | **Сериски број :**<br>*Aircraft Serial Number:* |
| **Број на решението за хомологација од производителот:**<br>*Type Certificate Number:* | |
| **Број на решението за хомологација од Република Македонија:**<br>*Type Certificate Number of Republic of Macedonia:* | |
| **Претходна регистарска ознака/држава :**<br>*Aircraft Previous Registration Mark and State:* | |
| **Максимална тежина на празен воздухоплов:**<br>*MEOW-Maximum of Empty Weight:* | **Максимална тежина на воздухоплов при полетување:**<br>*MTOW-Maximum Take of Weight:* |
| **Ознака и сериски број на мотор(и):**<br>*Engine Model and Serial Number(s):* | |
| **Ознака и сериски брij на елиса/лопатки:**<br>*Propeller Model and Serial(s):* | |
| **Опрема на воздухопловот:**<br>*Aircraft Equipment:* | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за внатрешни работи**

***REPUBLIC OF MACEDONIA***
***Ministry of Internal affairs***

**Број на досие** ________________
*File No.*

**Регистарска ознака** ________________
*Registration Markings*

# Л И С Т В - СОПСТВЕНИЧКИ ЛИСТ
*OWNERSHIP PAGE*

| **Р.бр** No. | **Сопственик - адреса:** *Owner - address:* | **Корисник - адреса** *User - address:* | **Начин на сопственост:** *Way of ownership:* | **Датум на упис** **Date Registration** | **Датум на испис** *Date Deregistration* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |
| 8. | | | | | |
| 9. | | | | | |
| 10. | | | | | |
| 11. | | | | | |
| 12. | | | | | |
| 13. | | | | | |
| 14. | | | | | |
| 15. | | | | | |
| 16. | | | | | |
| 17. | | | | | |
| 18. | | | | | |
| 19. | | | | | |
| 20. | | | | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за внатрешни работи**

***REPUBLIC OF MACEDONIA***
***Ministry of Internal affairs***

Број на досие ________________
*File No.*

Регистарска ознака _______________
*Registration Markings*

# Л И С Т С - ТОВАРЕН ЛИСТ

*BURDEN PAGE*

| Р.бр<br>No. | Име и адреса на заложникот/должник<br>*Name and Address of Debtor* | Заложен доверител адреса, бр. на договор за залог<br>*Creditor, Address and No. of Pledge Agreement* | Износ на залогот<br>*Debit Amount* | Датум на упис на залог<br>*Date of Registrant. Of Lien* | Датум на бришење на залог<br>*Date of Delete of Lien* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |
| 8. | | | | | |
| 9. | | | | | |
| 10. | | | | | |
| 11. | | | | | |
| 12. | | | | | |
| 13. | | | | | |
| 14. | | | | | |
| 15. | | | | | |
| 16. | | | | | |
| 17. | | | | | |
| 18. | | | | | |
| 19. | | | | | |
| 20. | | | | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за внатрешни работи**

***REPUBLIC OF MACEDONIA***
***Ministry of Internal affairs***

**Број на досие** ________________
*File Number*

**Регистарска ознака** ________________
*Registration Markings*

## ЗБИРКА НА ИСПРАВИ
*DOCUMENTS FILE*

| **Р.бр** No. | **Датум и број** *Date and No* | **Предмет - исправа** *Document* | **Датум и број на исправа** *Sender/date / no* | **Запишал** *Written by* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |
| 12. | | | | |
| 13. | | | | |
| 14. | | | | |
| 15. | | | | |
| 16. | | | | |
| 17. | | | | |
| 18. | | | | |
| 19. | | | | |
| 20. | | | | |

**Прилог бр. 2**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за внатрешни работи**

***REPUBLIC OF MACEDONIA***
***Ministry of Internal affairs***

Број на досие ________________
*File Number*

Регистарска ознака ______________
*Registration Markings*

## ИМЕНИК НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВПИШАНИ ВО РЕГИСТАРОТ
## *REGISTERED AIRCRAFT DIRECTORY*

| Р.бр<br>No. | Број на досие<br>*File No.* | Датум на упис<br>*Registration Date* | Рег. ознака<br>*Aircraft Reg. markings* | Тип<br>*Aircraft Type* | Сериски број<br>*Serial number* | Корисник<br>*User* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |
| 7. | | | | | | |
| 8. | | | | | | |
| 9. | | | | | | |
| 10. | | | | | | |
| 11. | | | | | | |
| 12. | | | | | | |
| 13. | | | | | | |
| 14. | | | | | | |
| 15. | | | | | | |
| 16. | | | | | | |
| 17. | | | | | | |
| 18. | | | | | | |
| 19. | | | | | | |
| 20. | | | | | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за внатрешни работи**

***REPUBLIC OF MACEDONIA***
***Ministry of Internal affairs***

**Број на досие** ________________
*File Number*

**Регистарска ознака** _______________
*Registration Markings*

# ИМЕНИК НА ВОЗДУХОПЛОВИ ИЗБРИШАНИ ОД РЕГИСТАРОТ
## *DEREGISTERED AIRCRAFT DIRECTORY*

| **Р.бр** No. | **Број на досие** *File No.* | **Датум на бришење** *Deregistration Date* | **Рег. ознака** *Aircraft Reg. markings* | **Тип** *Aircraft Type* | **Сериски број** *Serial number* | **Корисник** *User* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |
| 7. | | | | | | |
| 8. | | | | | | |
| 9. | | | | | | |
| 10. | | | | | | |
| 11. | | | | | | |
| 12. | | | | | | |
| 13. | | | | | | |
| 14. | | | | | | |
| 15. | | | | | | |
| 16. | | | | | | |
| 17. | | | | | | |
| 18. | | | | | | |
| 19. | | | | | | |
| 20. | | | | | | |